# 325. СТЕФАН ЌЕ ОДИ НА ГОСТИ




Стефан ќе оди на гости,
ју чичови на поседок,
и на Стефка, Стефан говори,
И говори ем нарачује:

Ако ме ти не дочекаш,
главата ќе ти пресечам.
Како на јагненце ѓурѓевско,
како на пиленце петрово.

Седела Стефка чекала,
девет вретена испрела,
и десето Стефка почнала,
и петлите се повторија.

Тоги и рече свекрва:
Стани си Стефке, легни си,
кога ќе Стефан да чукне,
јазе ќе тебе да разбудам.

Таман си Стефка заспала,
Стефан си чукна на порта,
Мајка му порти отворила.
Каде е, мајко ле, Стефанка.

Мајка на Стефан говори:
Стефка си легна и заспа,
и тогај се Стефан разлути,
и отсече глава на Стефка.

Стефкина глава говори:
Де гиди Стефан будала.
Јазе сум те тебе чекала,
и за се е крива мајка ти.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995